РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.07-284
Скопје 24.7.2014г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), а согласно член 134 став 4 и член 223, став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), во врска со предлогот Уп1 бр.07-284 од 23.07.2014 година, на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-3868/12 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 23.07.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност**

**СЕ ЗАПИРА** покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.07-203 од 28.05.2013 година.

О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за дозволата за вршење телевизиско емитување и доделената дозвола за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.07-203 од 28.05.2013 година, Агенцијата на ден 02.06.2014 година, му достави фактура за надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност бр.157/2014 (наш.арх.бр.05-3059/1), со која радиодифузерот имаше обврска да плати 101.148,00 денари за годишен надоместок за дозвола за вршење радиодифузна дејност, за периодот од 29.05.2014 година заклучно со 28.05.2015 година. Во Агенцијата е доставена повратница од „Македонска пошта" АД Скопје дека фактурата е уредно примена на 03.06.2014 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-3579/4 од 04.07.2014 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.157/2014 (наш.арх.бр.05-3059/1) е 03.07.2014 година, во кој рок радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозвола за вршење радиодифузна дејност, во износ од 101.148,00 денари.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 1-та седница одржана на ден 08.07.2014 година, со заклучок, бр.02-3592/15 од 08.07.2014 година, го усвои предлогот на в.д. директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, УП1 бр.07-284 од 07.07.2014 година и покрена постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.07-203 од 28.05.2013 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), со оглед на фактот дека радиодифузерот не го платил надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност во законски утврдениот рок.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 09.07.2014 година, до погоренаведениот радиодифузер, беше испратено известување УП1 бр.07-284 од 09.07.2014 година, со кое беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Меѓутоа, до в.д. Директорот на Агенцијата на ден 23-ти јули 2014 година доставено е известување од Секторот за економско-финансиски работи на Агенцијата, бр.05-3910/1 од 23.07.2014 година, дека Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, на ден 23.07.2014 година изврши уплата на долгот во износ од 101.148,00 денари, со што во целост го плати пресметаниот годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-203 од 28.05.2013 година.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), согласно член 134 став 4 и 223, став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), во врска со предлогот Уп1 бр.07-284 од 23.07.2014 година, на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-3868/12 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 23.07.2014 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе заклучок како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Согласно член 225 став 1 од Законот за општата управна постапка, против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ;
- Фисник Татеши, одговорно лице во правното лице,Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ,
- Секретаријатот на Агенцијата – архива;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;